**ФИЛОЗОФИЈА**, 12, бр. 34, стр. 5-10, јуни 2013

**Љубомир Цуцуловски**

# За оние кои ја љубат мудроста
## (беседа за филозофијата)

**УДК: 101.9**

Почитувани, денес е Ден на филозофијата. Поточно, денес е Светскиот ден на филозофијата. Овој ден, посветен на филзофијата, на оваа специфична духовна дисциплина, се прославува веќе десетина години. Поточно, од 21 ноември 2002 година. Тогаш, со решение на УНЕСКО, одлучено е секој трети четврток во месец ноември да биде посветен на филозофијата или, што во основа е исто, на љубовта кон мудроста, бидејќи љубовта и мудроста во овој свет – за друг свет, патем, сѐ уште не знам – никогаш ги немало во посакуваната количина. Особено, барем мене така ми се чини, денес ги нема. Веројатно потикнат од оваа состојба, тогашниот генерален секретар на УНЕСКО, господинот Коичиро Мацура, ден пред 21 ноември 2002 година, изјавил: „Многу луѓе прашуваат: зошто филозофија во УНЕСКО? Мојот одговор е: како би можел УНЕСКО, како интелектуален и етички оддел на Обединетите нации, да функционира без промовирање на филозофското размислување, како основа за демократијата, за човековите права и за праведно општество? Со други зборови, како поинаку некој може да го негува темелот за автентичен мирен соживот?“ Без разлика што љубовта кон мудроста кај различни народи различно се иманува таа секогаш и насекаде останува срцевина на човековото суштествување, на неговото постоење, на неговото човекување. Така, продолжува во своето образложение господинот Мацура, љубовта кон мудроста на јапонски јазик се именува со терминот *tetsugaku*, а на арапски јазик со терминот *falsafa*. Сепак, као и да се именува, во неа е изразен копнежот кон мудроста, кон самата Вистина.

На ова, впрочем, укажувал уште Аврелие Августин во своите *Исповеди*, сметајќи дека секоја душа, односно дека секое човечко срце стреми кон едно – кон Вистината и единствено кон Вистината, бидејќи Бог, барем така тој верувал, е самата Вистина. Меѓутоа, во овој копнеж по Вистината, може да се забележи, тврди Августин, необична работа: секој сака да ја знае вистината за другиот, но ретко кој сака

да се знае вистината за него. Во оваа смисла, почитувани, необични и таинствени се душата и срцето човечко – сакаа да знаат, но не сакат самите да бидат знаени. Сакаат, кој знае од кои причини, да ја затајат вистината за себе. Или, како што пишува Августин: „Ги прашувам сите дали повеќе наоѓаат радост во вистината или во лагата. Сите, без колебање, велат дека повеќе ѝ се радуваат на вистината...“ Сепак, продолжува Августин: „Сретнав многу луѓе кои сакаат да го излажат другиот, но не сретнав некој кој би сакал да биде излажен... Такво е, точно такво е срцето човечко, толку заслепено и тромаво, срамотно и недостојно, па сака да остане сокриено, но не сака било што нему да му остане сокриено. Меѓутоа, токму спротивното му се случува: не останува скриено за вистината, но вистината му останува сокриена.[1] Сепак, и такво... повеќе сака да ѝ се радува на вистината, отколку на лагата.“ И навистина, необично е срцето човечко, како што необична и таинствена е душата човечка.

Но, сепак, да се вратам на она што оваа вечер нè собра во оваа не многу голема, но доволна и пријатна просторија. Тоа е, како што веќе реков, Денот на филозофијата. Во таква ситуација некако природно е, барем така се чини, да говорам – или да беседам, сеедно – за филозофијата. Сепак, мојата вечерашна беседа нема да биде посветена на филозофијата, на нејзината смисла и на нејзиното значење, туку на природата и значењето на филозофите. Можеби за некого оваа разлика и не е толку битна, бидејќи може да забележи дека говорот за филозофите е, наедно, и говор за самата филозофија и дека мојата намера да говорам за филозофите, наместо за филозофијата, има повеќе реторичка, отколку суштинска природа. Меѓутоа, сметам дека не станува збор само за реторичка или, ако ви е помило, само за јазичка игра. Напротив, длабоко сум убеден дека говорот за филозофијата е нешто друго од говорот за филозофите. Притоа, велејќи дека говорот за филозофијата е нешто друго од говорот за филозофите, не сакам да кажам дека се тоа *айсолуйно* различни говори, туку само дека се говори за различни нешта. Значи, мојата беседа ќе биде посветена на оние кои филозофираат, на филозофите. Несакајќи да останам на ниво на голо, со ништо непоткрепено тврдење, бидејќи тоа не е својствено за филозофите, ќе се обидам во наредните дваесетина минути, колку што ги имам пред себе, да го образложам она што го тврдам. Впрочем, веќе реков, секој кој автентично филозофира се труди, онолку колку што може, она што го тврди, или она за кое искрено се залага, да го образложи – се разбира, онолку колку што може.

Првата причина зошто одлучив да говорам за филозофите, наместо за филозофијата, содржана е во следново прашање: Можна ли е, каква и да било филозофија, без оние кои филозофираат, без филозофите? Односно, каква е таа филозофија без да има филозфи? Тоа е исто, почитувани, како да се говори за инжинер-

[1] Во овој случај, под поимот *висйина* Августин мисли на Бога.

ство без да постојат инженери. Тоа е, исто така, да се говори за медицината без да постојат лекари. И како што инженерството не е можно без инженерите или, пак, медицината без лекарите, така не е можна ниту фолозофијата без филозофите. Конечно, можна ли е човечност без постоењето на човекот? Кога би се прифатило спротивното тврдење, тогаш би следело дека нешто може да постои без да постојат неопходните услови за неговото постоење. Односно, дека може нешто да постои без да постои неговиот носител. Ако е така, а јас не гледам дека е поинаку, тогаш зошто да се слави плодот, наместо она што го овозможило постоењето на плодот? Зошто да се слави резултатот, а не неговиот носител? За да бидам појасен, ќе се послужам со една Марксова забелешка направена во 1844 година, во неговото и Енгелсово прво заедничко дело *Светото семејство*. Некој некогаш напишал – кој и каде го напишал тоа што го напишал, за оваа пригода е небитно – дека човекот е суштество на љубовта. На оваа теза Маркс веднаш реплицирал во делото *Свето семејство*. Според него, тезата дека човекот е суштество на љубовта премолчено поаѓа од претпоставката дека човекот е резултат на љубовта. Дека секое поединечно човеково постоење е резултат на љубовта што постои меѓу две човечки суштества е повеќе од несомнено. Или, барем, така би требало да биде. Меѓутоа, кога Маркс се спротивставува на тврдењето дека човекот е суштество на љубовта тој сака да потцрта нешто друго. Преку тоа друго, преку оваа обратна теза од претходната теза, Маркс сака да потсети на ноторната вистина: Не човекот, туку љубовта е резултат на човекот. Односно, не е човекот според љубовта, туку љубовта е според човекот и, ако е така, тогаш зошто љубовта, тоа толку човечко чувство, му се одзема на човекот и се осамостојува во однос на човекот.[2] Инаку, кога би било поинаку, тогаш каква е таа љубов без оној кој љуби, без човекот? Според тоа, Маркс размислува на сосема поинакво, повисоко ниво од застапникот – или застапниците, сеедно – според кого човекот е суштество на љубовта. И, аналогно на претходново, може да се постави прашањето за тоа каква е таа филозофија без да постојат оние кои филозофираат. Односно, смислата на Маркосовото негодување е во следово: зошто љубовта – нешто што е толку човечко, нешто што ја изразува најдлабоката човекова суштина – му се *одзема* на човекот, потоа се осамостојува, се хипостазира како засебна сфера на постоење, при што човекот се разгледува само како нејзин посебен дел, како нејзино патемно својство, како нејзин продукт? Ако во односот човек-љубов некој некому е својство, тогаш љубовта е својтство (предикат) на човекот. Човекот е нејзиниот носител, тој е субјектот, а не љубовта. Истото е и со односот помеѓу филозофијата и човекот: чове-

[2] Несомнено е дека во овој Марксов начин на размислување се рефлектираат многу Фоербахови елементи, што е природно, бидејќи Маркс никогаш не го одрекол Фоербаховото влијание врз неговата филозофија. Но, заради самата природа на оваа беседа не навлегувам во ова прашање.

кот е оној кој, човечувајќи, филозофира, меѓутоа не и обратното. Односно, дека филозофијата, наводно, самата по себе, одделена од човекот, го очовечува човекот и го овозможува неговото човекување.

Понатаму ако се прифати ставот според кој човекот ѝ припаѓа на филозофијата и дека таа е можна самата по себе, тогаш нужно се доаѓа до поимот за *вечната филозофија*, за *philosophia perennis*. Идејата за вечната филозофија претпоставува дека нејзините апсолутни, трајни вистини и вредности не можат да бидат израз на човекот, туку на Бога, бидејќи, за разлика од него, човекот е времено, ограничено суштество, суштество кое е фрлено во времето и кое може да размислува само во границите на своето време и на својот свет. Токму во овој дух, Хегел забележува дека би било лудо да се помисли дека некој поединец, кој и да е, може да го пречекори времето во кое живее, бидејќи секој човек е чедо на своето време. И како што секој човек е чедо на своето време, така и секоја филозофија е чедо, резултат на своето време. Филозофијата, исто како и филозофите, треба да го констатираат само што она било – продолжува Хегел. Оттука, филозофијата е налик на Минервината утка. Секогаш доаѓа откако денот изминал, односно откако настаните се случиле и кога се јавува потребата тие да се интерпретираат. Затоа, според Хегел, секој обид да се пречекори она што било, да се трансцендира самата даденост, својствено е за мечтателите, за оние кои фантазираат, меѓутоа не и за филозофите. Во овој контекст, тој потсетува, меѓутоа во нешто модифицирана смисла, на старата мудрост: „Овде е Родос, овде скокај."

Меѓутоа луѓето, тоа значи и филзофите – бидејќи што се филозофите ако не и луѓе? – не сакаат да ја прифатат стварноста само онаква каква што е, туку се трудат да ја изменат, да ја преиначат, да не ја остават таква каква што е. Затоа, во своите *Тези за Фоербах*, Маркс предупредува дека филозофите светот само различно го толкувале, но дека се работи за тоа, толкувајќи го, тој се измени, да се преиначи. Така, наспроти интерпретативната природа на луѓето и на филозофите, која Хегел им ја припишувал, Маркс ја нагласува дејствената страна на луѓето и на филозофите, а со тоа и на самата филозофија.

Меѓутоа, ако се потсетиме на она што само предмалку го реков – дека, имено, нема љубов без оној што љуби – повторно се доаѓа до тезата дека нема филозофија без оние кои филозофираат. Значи, без филозофите. Така, кој знае по кој пат, се доаѓа до до здодевност повторуваната теза дека постојат онолку филозофии колку што постојат филозофи. Односно, до тезата: еден филозоф – една филозофија. Или, што е исто, колку филозофи, толку филозофии. Ова, од своја страна, нужно го наметнува прашањето за тоа дали постои една единствена филзофија или постојат повеќе филозофии? Значи, повторно се доаѓа до проблемот за постоењето на вечната, еднаш и засекогаш дадена филозофија, односно до прашањето за постоењето на

philosophia perennis. Во овој поглед, мојот став приклонува кон мислењето дека постојат повеќе, поединечни филозофии, односно дека е можно да се говори за филозофијата на овој или оној филозоф, бидејќи не можам да си замислам филозофија без притоа таа да биде филозофијата на Аристотел, на Платон или на Спиноза. Не смее да се заборави дека филозофијата секогаш е *нечија*, а не *ничија* филозофија. Наедно – веројатно и самите го забележувате тоа, почитувани – ова прашање е во рамките на едно многу пошироко прашање. Тоа е прашањето за одност помеѓу општите, апстрактните поими и поединечните ствари. Поточно, за нивниот онтолошки, екстраментален статус. На овој план, на планот на онтолошкиот статус на универзалиите, јас сум близок до позицијата на номиналистите, која, во основа, ја следи традицијата на Аристотел во решавањето на спорот за односот помеѓу општото и поединечното. Аристотел, како што знаете, не ја прифатил Платоновата концепција за самостојното постоење на општото наспроти поединечното, бидејќи каква е таа вистина, независна од конкретните, поединечни вистини, или каква е праведноста без праведните дела?

Ако идејата на номинализмот се примени и на овој план, на планот за прашањето дали постои една единствена филозофија, консеквентно следи дека реално постојат филозофии, наместо некаква претпоставена филзофија. Од друга страна, не смее да се изуми дека самиот поим *филозофија* колку и да е апстрактен, дека, сепак, не е лишен од одредена реална содржина и дека, во таа смисла, станува збор за реална апстракција до која се дошло преку издвојување на она што е заедничко за секоја од нив и апстрахирање од сè она што на каков било начин ги одделува. Тоа значи дека мојата позиција околу прашањето за универзалиите не претставува *радикален* номинализам, туку може да се означи како *умерен* номинализам, односно дека филзофијата како филозофија не е можна без поединечните, стварно постоечките филозофии. Меѓутоа, од друга страна, за да можат филзофиите да бидат филозофии мора да содржат нешто заедничко, нешто *општо* во нив, нешто што ги поврзува и што ги прави да бидат тоа што се, филозофии, а не што било друго – математамитики, биологии или зоологии, на пример.

Времето за моето беседење, почитувани, полека изминува. И затоа полека го привршувам моето говорење. Требаше да беседам за филозофијата, меѓутоа претходно реков дека ќе говорам за филозофите, бидејќи, според мене, филозофијата не е можна без оние кои филозофираат, како што и човечноста е неможна без луѓето. Оттука, говорот за филозофијата се преобразува во говор за луѓето, за филозофите, бидејќи секое човечко суштество, некаде длабоко во себе, ја носи потребата да филозофира. Можеби секој човек не умее да се изрази толку убаво и прецизно како што тоа го прават, условно речено, професионалните филозофи. Намерно ве-

лам „условно“, бидејќи филозофијата не може, меѓутоа и не би смеела да се сведе на професија. Филозофијата или се живее, или не постои. Трето, почитувани, нема.

Затоа, во името на мудроста и на вистината нека живеат луѓето, филозофите, бидејќи единствено тие умеат да бидат умни и да ја создаваат вистината. Дека кај нив (луѓето, филозофите) има многу немудри и невистините работи е повеќе од несомнено. На тоа укажуваше и Августиновото размислување за природата на срцето (душата) човечка. Меѓутоа, тоа е, сепак, прашање за некоја друга пригода. Затоа, уште еднаш: нека живеат луѓето, филозофите, бидејќи единствено тие умеат да бидат умни и да ја создаваат вистината. Ја создаваат вистината така што се сомневаат во сè што се чини, или се причинува, како вистинито, бидејќи сомнежот и љубопитноста лежат во основата на секое човечко суштество. Затоа, секоја филозофија, чија и да била, започнува со сомнежот и со љубопитноста, неоставајќи ништо да остане негибнато.

На крајот, почитувани љубители на мудроста и на вистината, драги мои пријатели, ви благодарам за присуството и за посветеното внимание, бидејќи без вашето постоење ни јас не ќе бев она што сум. Конечно, секој доаѓа до себе преку другите, бидејќи секој секому е огледало.